НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

КРИСТИНА ЗИМБАКОВА, УМЕТНИЦА

Габите се нежни, но со моќ да пробијат бетон

Дневен весник (Ед. бр. 24172)

МАГАЗИН

18.10.2017 13:05

Сања Јачевска
sanja.j@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

Со вметнувањето габи во уметнички контекст, особено ретки или ендемични, се надевам ќе се поттикне интерес за нив, не само поради нивната значајност како организми туку и поради нивните фасцинантни, необични форми, вели Зимбакова

Уметницата Кристина Зимбакова изложи дваесет и две дела во комбинирана техника на која габите и лишаите се користат како основен материјал за изработка. Ликовната изложба „Габите во современото сликарство“ беше отворена неодамна, во рамките на интердисциплинарниот сегмент од Научниот собир на Европската миколошка асоцијација и Меѓународното друштво за зачувување на габите, насловен „Зачувувањето на габите во променета Европа: претстојни предизвици“. Домаќин на настанот беше универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Текстуалните елементи и габите како медиум се значајни одлики на творештвото на Зимбакова. Габите и лишаите се добиени од збирки или теренски истражувања во соработка со природни научници, особено околу одредувањето на видовите.
Кристина Зимбакова, освен со самостојни изложби, се претставила и на повеќе групни изложби во САД, Англија, Шкотска и Словачка, како и на Оксфордскиот универзитет во Англија и во Амбасадата на САД во Скопје. Нејзини дела неколкупати биле и на насловната страница на списанието „Профилите на Плат“, кое го издава Универзитетот на Индијана во САД.

Што можеше да види публиката на изложбата „Габите во современото сликарство“?
- На изложбата беа претставени дваесетина дела во комбинирана техника и во нив габите и лишаите се доминантно изразно средство. Употребени се интересни или загрозени видови од Македонија, но и карактеристични и ендемични видови од САД, Јужна Америка, суптропските предели на Австралија, канадскиот дел, од арктичкиот круг, дури и од островот Крал Џорџ од Антарктикот. Научното име и географското потекло секогаш се наведени во описот на делата. Најголемиот дел од сликите е создаден на хартија и пулпа од габи што ги изработив рачно, а некои се на мико-пена како експериментален биоматеријал, произведен од габен мицелиум и земјоделски отпад.

Зошто токму габите како изразно средство?
- Сè до последните неколку децении, активностите за нивно зачувување беа незначителни, а причината за тоа е што долго време габите се сметаа за нижи растенија, а не како посебно царство. Треба да се нагласи дека габите се неодвоив дел од процесите што го одржуваат животот на планетата затоа што се незаменливи во рециклирањето на хранливите состојки во земјените екосистеми.

Изложбата има за задача да придонесе за подигање на свеста за овие таинствени организми...
- Иако во делата има хартија од габи, при нејзината изработка строго се води сметка за

одржливоста. Користам видови што се чести, а за еден лист се доволни само еден или два примерока. А со вметнувањето габи во уметнички контекст, особено ретки или ендемични, се надевам ќе се поттикне интерес за нив, не само поради нивната значајност како организми туку и поради нивните фасцинантни, необични форми. Тие се и таинствени, визуелно незабележителни, но со незамислива моќ, како на пример да пробиваат низ бетон или да бидат инвазивни на други живи организми.

Што говорат габите во вашите дела, каква порака испраќаат?
- Во делата ликовниот израз е фигуративен и лирско-експресивен и во нив габите се дел од текстурата, применети да се отсликаат емоции на љубов, болка, страв и занес. За мене тие се податливи и за вткајување поетски мотиви, и тоа стиховите на Ен Секстон, Силвија Плат и Благоја Ристески-Платнар. Тие како материја се рамноправен елемент во мојот уметнички израз, заедно со сликарската форма.

Што ве инспирира да се посветите токму на габите и лишаите како медиум?
- Габите и лишаите речиси дваесет години се присутни во моето творештво. Најпрвин ме привлекоа како живи форми, па почнав да одам на теренски истражувања со научниците од Природно-математичкиот факултет од Скопје. Колку повеќе дознавав за нив, толку повеќе се вклопуваа во мојата уметничка визија. Тие се рамни на уметничка скулптура. Како прастари организми, за мене претставуваат симбол на неуништливоста на секој вид живот.

Која е вашата мисија со изложбата „Габите во современото сликарство“?
- Мојата изложба е во рамките на европски и светски научен собир за зачувување на габите и е во рамките на Програмата како интердисциплинарен сегмент, што е сосема невообичаено за собир од ваков тип и од ваков ранг. Нејзината улога е да покаже дека науката и уметноста се всушност едно, дека само гледната точка ни е од различна страна.

Кои се вашите следни предизвици?
- Ова е моја седма самостојна изложба во земјава, а сум учествувала на многу групни изложби во странство, од кои се истакнуваат оние во музејот на уметноста „Ешкенази“ во Блумингтон (САД) и Оксфордскиот театар во Велика Британија. Следниот мој предизвик е првата самостојна изложба во странство, поточно во Белфаст - Северна Ирска, а тоа е предвидено за ноември годинава. Ќе биде со поинаков концепт, но секако со габи и лишаи како медиум, и ќе биде во рамките на светската конференција за творештвото на Силвија Плат.

ТОА СЕ ЛЕСНИТЕ
ОД МИЛОСРДИЕ,
ЗА ДРЧНИТЕ,
ТИЕ СЕ
КАРШИЛАЈКОТ
НА ЗАЗИКОТ,
ГРНЕТО НА СВЕТОТ
ЅВЕЗДАТА НА СТАРЕЦОТ.


KZ'17